***З А П И С Н И К***
***од 22-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 12.04.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

Од општинскката администрација присутни беа Мише Милошевски, Сузана Цуцуловска, Загорка Милошевска, Тони Петровски, претставник од општината беше Александра Трајковска. На седницата присутни беа вд Директорот на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Александар Чорбевски, вд директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Валентина Димовска, претставник на АД Железник Сашо Вучетиќ.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 21-ва седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 8 „за“ без забелешки.

-Усвојуавње на записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 28.03.2023 година

Записникот беше усвоен со 8 „за“ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Давање согласност за продолжување со одлагање на неопасен индустриски отпад по барање на АД „Железник“ од с.Сопотница.
2. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за новороден дете во Општина Демир Хисар во 2022 година.
3. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за склучен брак во Општина Демир Хисар во 2022 година.
4. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2022 година.
5. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2022 година.
6. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2022 година.
7. Усвојуавње на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2022 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.
8. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2022 година.
9. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2022 година.
10. Усвојување на Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2022 година.
11. Усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2023 година за период од 01.01.2023-31.03.2023.
12. Донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.

13. Донесување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возило во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" од Демир Хисар.

14. Усвојување на Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2022 година.

15.Донесување на Решение за разрешување и именување на член во УО на ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар.

16.Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар претставник на локалната самоуправа.

17.Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

18. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

19.Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

20. Предлози и прашања

Претседателот на Советот ја отвори седницата, предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со 4 точки и тоа 16.Решение за разрешување и именување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар претставник на локалната самоуправа, после закажување на седницата член на УО имаше поднесено оставка, и 17.Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2022/2023 година, 18. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2022/2023 година,19.Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2022/2023 година, програмите за реализација на екскурзијата во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар исто така беа доставени после закажување на седницата, а заради непречено продолжување на постапката предложи да се дополни Дневниот ред со овие точки. Од страна на советниците немаше забелешки. Со 11 „за" беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Согласност за продолжување со одлагање на неопасен индустриски отпад по барање на АД „Железник" од с.Сопотница***

За Согласноста за продолжување со одлагање на неопасен индустриски отпад по барање на АД „Железник" од с.Сопотница претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни станува збор за депонија која се користела долго време сега се бара продолжување на одлуката. Претставникот на АД Железник Сашо Вучетиќ објасни доставено е барање до општината за продолжување на согласноста за одлагање на неопасен индустриски отпад, има обезбедно Б-интегрирана дозвола самото тоа кажува дека се работи за неопасен отпад, сега ќе се бара продолжување на дозволата. Отпадот кој се одлага е кварцен песок и магнезинска маса, а потоа пред советниците беше презентирано со докумети што содржи отпадот кој се одлага. Исто додаде 20 години се работи со истиот материјал, секој ден сме таму, ако е опасен отпад прво ние ќе имаме последици. Советничката Марина Димитријовска истакна сега се бара согласност за продолжување за одлагање на отпадот, дали предходно била донесена ваква одлука од Совет и кога, па сега се бара продолжување, ако ја има треба да ја имаме во материјалите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни имало донесено ваква одлука 2004-2005 година, но неможат да ја најдат, затоа и имаат еколошка дозвола за одлагање на отпадот. Раководителката Сузана Цуцуловска објасни ако била донесена 2004-2005 била донесена од општина Сопотница, се дозволило одлагање на отпадот. Советничката Сандра Пејковска додаде има стручни служби кои ја издаваат таа дозвола сигурно предходно испатале пред да ја дадат дозволата. Сите сме на иста страна, не сакаме да ја блокираме работата, но има реакции да сме сигурни во одлуката што ја носиме, истакна советничката Марина Димитријовска потоа додаде дали има документи од Министерство за заштита на животна средина и екологија. Раководителката Сузана

Цуцуловска објасни Б-еколошка дозвола ја издава општината има важност седум години, сега истекува важноста ќе треба ново барање за нова дозвола, кога се издаваат вакви дозволи треба целокупна документација што се користи, што се испушта, какви емисии каков отпад тоа е цела постапка, се добиваат согласности од надлежни институции, се врши испитување од технички лаборатории акредетирирани фирми кои вршат испитување, ако се утврди дека е неопасен отпад се дава дозвола сето тоа е работено по стариот закон. Од 2021 година има нов закон целата постапка за издавање на нова дозвола ќе се спроведува согласно новиот закон. При издавање на новата дозвола повторно ќе треба да се определи локација дали ќе остане истата или друга локација ќе видиме. Оваа локација е најдобра за оваа намена. Управата за животна средина ако бара нова локација ќе се дабатира за тоа, ова е неопасен отпад кварцен песок 99% нешто магнезиум. Сега се дава согласност да се продолжи со одлагањето, новиот закон е во примена по него ќе видиме што ќе се бара и како ќе биди целата постапка. Ретко има вакви постројки, како ќе течи постапката така и ќе се дебатира. Советничката Марина Димитријовска праша дали е неопходна оваа согласност. Раководителката Цуцуловска објасни за новата довола ова не им користи, но засега му треба мора да работат додека добијат нова дозвола. Советничката Марина Димитријовска побара пауза за дополнителна координација. После паузата немаше повеќе дискусија. За давање согласност гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 2. Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2022 година***

За Извештајот за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2022 година објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Едногласно со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 3. Извештај за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2022 година***

Извештајот за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2022 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Советникот Сашо Михајловски забележа не е исплатено на сите барања. Важно е да се исплаќаат редоследно да не се прави селективна исплата. Рководителот Мише Милошевски објасни се исплаќа во зависност колку средства има, застој се направи со зголемувањето на сметките за електрична енергија многу средства се одлеваа таму. Редоследно треба да се исплаќа додаде советничката Сандра Пејковска. Сугестијата беше прифатена и од Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се задолжи Одделението за финансии редоследно да ги исплаќа поднесените барања. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4.Извештај за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2022 година***

Извештајот за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2022 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Забелешка имаше советничката Марина Димитријовска зошто се исплаќа на лица кои не се жители на општина Демир Хисар. Раководителот Мише Милошевски објасни тоа се случаеви кога некој од фамилијата подалечен роднина ги сноси погребалните трошоци за лица кои биле жители на општина Демир Хисар, а немале други поблиски роднини. Советничката Марина Димитријовска додаде да се наведе тоа во извештајот затоа што вака како што е прикажано нема логика. Дискусијата беше исцрпена. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 5. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2022 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2022 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 6. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2022 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2022 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Советничката Марина Димитријовска праша дали е исцрпена програмата. Раководителот Милошевски објасни останаа неплатено за подршка на здружението за слепи лица бидејќи не поднесоа барање и за Црвен крст. Дискусијата беше исцрпена. Едногласно со 11 „За" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 7. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2022 година на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2022 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беше усвоен од комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Едногласно со 11 „За" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 8. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2022 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2022 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Едногласно со 11 „За" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 9. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2022 година***

Извештајот за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2022 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Едногласно со 11 „За" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 10. Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2022 година***

Извештајот за реализација на Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2022 година година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Тони Петровски. Дискусија немаше. Едногласно со 11 „За" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 11. Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за 2023 година за период од 01.01.2023-31.03.2023***

Финансискиот извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за 2023 година за период од 01.01.2023-31.03.2023 беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Советникот Валентин Несторовски упати апел до возачите кои ги возат учениците за с.Стругово, да не застанува комбето на самата раскрсница, само 20 метри погоре кај домот има соодветено место да се симнуваат учениците, бидејќи на самата раскрсница е небезбедно. Потоа додаде на неколку наврати беше укажано да се постават сверни огледала тоа 3-4 места во целата општината, едно сверно огледало кошта 2.500 денари не е голем трошок за општината. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 12. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Имено ова се однесува за возачите кои досега земаа по 20.000 сега со покачување на минималната плата да може

да се покажи на 22.500, да се направи порамнување. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возило во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ од Демир Хисар***

За Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари-возило во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ од Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни станува збор за возилото кое е донација од запленетите возила. Донацијата е на општина Демир Хисар сега треба да се префрли на јавното претпријатие. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 14. Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2022 година***

За Извештајот за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2022 година воведно излагање имаше заменик командирот Зоран Милевски. Во врска со извештајот се е во ред истакна советничката Сандра Пејковска, но има забелешки од граѓаните кон дел од сообраќајната полиција при вршење на нивната контрола казнуваат селективно, и немаат доволно познавање на законите. Во Демир Хисар нема паркинг места, исто и да се наплаќа паркинг во Демир Хисар не е во ред, па граѓаните паркираат каде ќе најдат соодветно место, се паркира и на тротоарот, и полицијата паркира на тротоарот, а при изрекување на казни некој се казнува некој не. Исто така при запирање контролирање и потпишување на записникот некој од сообраќајната полиција постапува нестручно и непрофесионално односно непознавајќи законоските одредби. Советникот Валентин Несторовски додаде исто на улица Маршал Тито кај Стопанска банка се пишуваат казни да се најде некое решение да се олесни движењето. Претседателот на Советот исто така дополни и комбињата кои превезуваат ученици во Стругово комбето застанувало на сама раскрсница да се најде соодветно и побезбедно место за слегување на учениците. Потоа додаде да се постави сообраќајна сигнализација на улиците посебно кај училиштата. Заменик Командирот Зоран Милевски објасни за безбедноста на учениците влезено е и во програмата за работа на полицијата 99 % се обезбедени училиштата. За соработката на училиштето со полициската станица вд директорката Валентина Димовска истакна нема забелешки постојано се во контакт посебно со дојавата на бомбите имаат многу добра соработка. Советникот Аце Јанкуловски праша до каде е постапката со избор на командир, бидејќи имаше поднесено барање. Советникот Сашо Михајловски предложи да се формира комисија да излези на терен да се утврди каде треба и да се поставаат успорувачи и да се поставаат сверни огледала. Сега кога ќе се работи на улица 11 ти Октомври да има барем еден успорувач од самиот асвалт кој ќе се поставува да се направи не претсавува некоја голема инвестиција, а ќе биди од голема корист за безбедноста. Да се задолжат службите да го реализираат ова. Вакви примери има во општина Кавадарци. Во врска со сите забелешки и прашања заменик командирот Зоран Милевски објасни во насока на селективност и нестручност, се должи на малата обученост на новите вработени, предходно покрај обуката новите униформирани лица две години беа како патролна полиција, последно тоа не се практикува па веднаш по обуката се поставуваат полицајци тоа е проблем во цело МВР не само кај нас. Проблем е исто и со тротоарот, од горната страна по улица Битолска се уреди тротоарот и никој не пракира, додека од долната страна на улицата тротоарот не е уреден и служи како паркиралиште. Имаше допис од граѓанин дека се паркираат пред влезот и затоа има и казни. Исто и улицата Маршал Тито е проблем навистина Демир Хисар е мало место нема уреден паркинг простор и се казнува само навистина каде се прави проблем за сообраќајот. Некаде возачите прават проблем кај пекарата застануваат и се блокира сообраќајот, а тука е и раскрсница. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша кој е предлогот да се најде решение. Заменик командирот Милевски објасни да не се паркира на тротоарот, и да се уреди и тротоарот од другата страна на улицата. Да нема селективен пристап при изрекување на казни, исто така улицата Маршал Тито од зградата кај банката до пазарот да се направи едносмерна, така се добива паркинг простор и нема да има проблем за сообраќајот. За проблемот во с.Стругово за учениците можи да се реши во соработка со јавното претпријатие ќе му дадеме насока каде да застануваат комбињата. За барањето

за распишување на оглас за командир тоа барање е доставено, но нема одговор, министерството треба да распиши оглас, треба да се направи ургенција да се распиши огласот. Ова е единствено ОВР кое не е екипирано од систематизирани седум раководни места пополнето е само едно. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се испрати ургенција до МВР да се започне постапката за ставање командир на полициската станица. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 15. Решение за разрешување и именување на член во УО на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар***

Во врска со Решението за разрешување и именување на член во УО на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни од страна на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар не известија предложениот кандидат не ги исполнува условите да се дај друг предлог. Претставникот Александра Трајковска објасни согласно член 101 став 1 од Законот за здравствена заштита и член 16 од Статутот на „Здравствен дом“ Демир Хисар членот има високо образование и има најмалку пет години работно искуство во областа на здравството, економијата или правото. Советникот Аце Јанкуловски предложи член во УО да биди Јасмина Митревска , советничката Марина Димитријовска го предложи Драган Ангелевски. Други предлози немаше. За предлогот Драган Ангелевски гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ не се прифати. За предлогот Јасмина Митревска гласаа 6 „за“ и 5 „воздржани“ предлогот се прифати.

***ТОЧКА 16.Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар претставник на локалната самоуправа***

За Решението за разрешување и именување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар претставник на локалната самоуправа, претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни до Советот е поднесена оставка од Даниел Талевски. За член во УО советникот Аце Јанкуловски ја предложи Кети Митревска. Други предлози немаше. За предлогот гласаа 6 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 17. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

Во врска со Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година објаснување имаше вд директорката Валентина Димовска. Претседателот на Совет Љупчо Најдовски предложи да се разгледа можноста екскурзиите да ги вози ЈП „Дехи транс“ потоа додаде материјалите кои се предлагаат за дневен ред на Совет прво треба да ги разгледа Училишниот одбор. Вд директорката Валентина Димовска објасни во оваа постапка прво мислење дава Советот потоа го разгледува Училишниот одбор. Три програми се и тоа за трето, шесто и деветто одделение. Дискусија немаше. За давање позитивно мислење на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 18. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година немаше дискусија со 10 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 19.Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година немаше дискусија со 10 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 20. Предлози и прашања***

-Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја запозна вд директорката Валентина Димовска на една од предходните седници се одобрени 60.000 денари за реконструкција на дел од ѕидот кај училиштето во с.Журче. Мајстор е најден од селото потребно е учлилиштето да помогни со работна рака со тоа што ќе дозволи двајца вработени од техничката служба да помогнат на мајсторот во работата.

-советничката Сандра Пејковски предложи да се одобрат финансиски средства на семејството од с.Белче на Благојче Гаревски. Советничката Марина Димитријовска се согласи со предлогот. По

иницијатива на Советот на Општина Демир Хисар се одобруваат финансиски средства на Благојче Гарески од с.Белче во износ од 40.000 денари. Финансиските средства Советот ги одобрува за покривање на трошоци за погреб на член од фамилијата и покривање на трошоци за лекување на член од фамилијата, последица на тешка сообраќајна несреќа. За предлогот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до Советот има поднесено неколку барања, но во интерес на времето дел ќе бидат сега разгледани дел на наредната седница

-Барање од Мало Илино да се исчисти патот пред велигденските празници исто и од Доленци има вакво барање. Советниците едногласно го одобрија барањето

-Барање од невладина организација НОВА од Суводол

За ова барање образложение имаше претставникот Јасмина Котевска, при тоа објасни одобрено има средства од Министерство за култура, но има потреба од дополнителни средства за патни трошоци на учесниците. Министерството за култура одобри 100.000 денари потребни се уште 30.000 или 25.000 колку е во можност општината да одобри. Советникот Аце Јанкуловски се согласи, но градоначалникот да одлучи во рамките на можностите. Советничката Марина Димитријовска исто така се согласи да се даде подршка во рамките на можностите.

-Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до Советот има поднесено по втор пат барање од Кочо Бојаџиев за поставување на улична. Да се постапи по барањето

-Барање од Црвен крст Демир Хисар да се обезбедат финансиски средства од 5.000 денари за велигденските празници да се помогне за социјално загрозени семејства. По поднесено барање од Црвен Крст на РСМ, Општинска организација Демир Хисар заверено во архива на Општина Демир Хисар со бр. 17-469/1 од 12.04.2023 година, Ссоветот на Општина Демир Хисар одобри финансиски средства во износ од 5.000 денари. Финансиските средства се одобруваат по повод ,,Недела на солидарност“, која се одбележува од 17 до 23 Април за помош на лица кои се во социјален ризик.

-Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците има реакции од група граѓани ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар да продолжи со селектирање на отпадот и собирање на пластичните шишина, имаа преса за пластика и хартија.

-Исто така претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците СОУ „Крсте П. Мисрков“ Демир Хисар има застој за вработување на лицата по огласот да се види каде е проблемот.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17-530/2 Совет на општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.